Одделот на граѓански дела на Врховниот суд на Република Македонија, согласно член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, на седницата одржана на ден 28.04.2014 година, го донесе следното

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Неосигуреното возило со кое е предизвикана сообраќајната незгода, само по себе не претставува основ за право на регрес на Друштвото за осигурување, туку треба на страна на управувачот на возилото, односно сопственикот на возилото, да постои придонес за настанување на штетата, како основ за исплата на регресното побарување.

## О б р а з л о ж е н и е

Според член 64 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (“Сл.весник на РМ“бр.88/2005, 71/06, 81/08, 4/2011,135/2011), Бирото има право на регрес во висина на исплатената штета, заедно со камата и трошоци од сопственикот на неосигуреното моторно возило, воздухоплов, пловен објект и сопственик на превозно средство во јавен сообраќај,односно од лицето кое ја предизвикало штетата. Сопственикот, односно лицето кое ја предизвикало штетата се подеднакво одговорни кон Бирото.

Согласно член 330 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Сл.весник на РМ“бр.54/2007, 98/08, 64/09,161/09, 36/2011, 51/2011), сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото, по истекот на важноста на сообраќајната дозвола, не смее да учествува во сообраќај со возилото.

Во член 3 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, однесувањето на учесниците во сообраќајот што е спротивно на безбедност на сообраќајот на патишта, не го ослободува другиот учесник во сообраќајот сам да превзема дејствија за отстранување на настанатата опасност и спречување на сообраќајната незгода.

Согласно член 9 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, за се она што не е уредено со овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за супервизија на осигурување.

Имајќи во предвид дека одредбата од член 9 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот упатува на одредбите од Законот за облигациони односи (“Сл.весник на РМ“бр.18/2001, 04/2001, 05/2003,84/2008, 81/2009, 161/2009), во тој случај се применуваат

правилата за одговорност на штета, при што возачот што го управувал неосигураното возило, односно сопственикот на истото, одговара врз основа на придонесот што го има при случување на сообраќајната незгода.

**Оддел за граѓански дела при**
**Врховниот суд на Република Македонија**